# КАРПОШ
# неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ • НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
26 март - 1 април 2018 година Број : 300

## ПРИЈАВЕТЕ „УДАРНИ ДУПКИ“ НА КОЛОВОЗИТЕ ВО КАРПОШ

Општина Карпош започнува со санација оштетените улици на својата територија, на кои се детектирани т.н „ударни дупки“.

Во изминатиот период, комуналните служби на локалната самоуправа, евидентираа повеќе точки на чии локации постојат видливи оштетувања на инфраструктирата кои веднаш ќе бидат асфалтирани. Оваа иницијатива, Општината ја презема со цел да се овозможи безбедно движење на граѓаните, велосипедите и моторните возила.

Поради поголема успешност на оваа акција, ги повикуваме и граѓаните уредно (со наведување на точната локација и број на улицата), да пријават ударни дупки на територија на Карпош.

Граѓаните може да пријавуваат на e-mail адресата: kontakt@karpos.gov.mk , како и на социјалните мрежи на Општина Карпош, и тоа на:

Facebook: https://www.facebook.com/OpstinaKarpos/

Twitter: @OpstinaKarpos

Instagram: @opstinakarpos

Во претстојниот период, ќе се реконструираат и повеќе улици на територија на Општина Карпош кои моментално се во руинирана состојба.

## КВАЛИТЕТНО И СЕОПФАТНО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КАРПОШ



Во најстарата градинка во Република Македонија, "Орце Николов", во Карпош 3, се презентираше проектот за "Зајакнување на улогата на граѓанското општество во осигурувањето рамноправност и квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување".
Станува збор за проект финансиран од Европската унија, а поддржан од фондацијата "Чекор по чекор", Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии.
Примарната цел на овој проект кој стартува токму од Карпош, е да обезбеди подобрување на квалитетот, обука и усовршување на персоналот во градинките, како и унапредување на комуникацијата со родители и други чинители.
Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев посочи дека локалната самоуправа става значаен акцент на обезбедување квалитетна детска заштита. Предвидени се сериозни инфраструктурни зафати за зголемување на постојниот капацитет на градинките и изградба на нови објекти.

- Моментално, се гради целосно нова градинка во Бардовци, а се врши и доградба на објектот на градинката "Мајски Цвет" во Тафталиџе 2. И покрај големите финансиски проблеми, оваа година целосно ќе се реконструира и градинката "Мајски Цвет" во Тафталиџе 1, чиј објект е дотраен и стар со децении, рече Богоев.

Во мандатот на градоначалникот Богоев, Карпош ќе добие и целосно нова градинка во Влае 2, во дворот на ОУ "Димо Хаџи Димов". За овој дел од Карпош постои вистинска потреба од нова градинка бидејќи родителите од Влае 2 се принудени своите деца да ги носат во градинките по другите урбани заедници.На денешниот настан говореше и министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска. Таа се осврна на приоритетите на Владата и Министерството, во поглед на креирање на подобро предучилишно образование.

- Инвестираме во човечките ресурси, односно во зголемување на кадарот во градинките. На почетокот бевме соочени со недостаток од воспитувачки/ негователки и затоа овозможивме 475 вработувања на неопределено време. Заедно со сите чинители, работиме и на подобрување на програмите за предучилишно образование. Наша стратешка цел, во следните 4 години е да се зголеми вклученоста на децата во предучилишното образование за 50 %, посочи Царовска.На сесијата за презентација на Проектот се обрати и претставничката од делегацијата на ЕУ, Sophie Beaumont, која напомена дека сите истражувања покажуваат дека децата кои посетуваат предучилишно образование имаат подобри резултати и поцврста основа при следното скалило во животот, почетокот на основното образование.

Од 1994 година, во Македонија активно работи и фондацијата "Чекор по чекор", која има реализирано повеќе проекти во доменот на детската заштита.
Извршната директорка, Сузана Каранџиска посочи дека Фондацијата работи на креирање стимулативна средина во градинките, каде што децата ќе бидат правилно прифатени и едуцирани. Исто така, еден од приоритетите е и зголемена отвореност на градинките кон родителите.о претстојниот период, Општина Карпош продолжува да пружа правилна и квалитетна здравствена заштита. Меѓу новите проекти, се и филтрите за вода во градинките, при што ќе бидеме сигурни дека најмладите ќе пијат целосно исправна вода.

# БОГОЕВ НА СРЕДБА СО АМБАСАДОРКАТА ДИВЈАК – ТОМИЌ



Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев оствари официјална средба со амбасадорката на Република Србија во Македонија, Душанка Дивјак – Томиќ.

На средбата се разговараше за повеќе актуелни случувања во Карпош и проблеми со кои се соочува Општината.Амбасадорката Дивјак – Томиќ се интересираше за урбанистичкото планирање во Карпош и урбанистичката визијата во претстојниот период. Градоначалникот Богоев нагласи дека ќе опстои на даденото ветување, урбанизацијата да биде планска и да се дисперзира во периферните делови на локалната самоуправа.

- Градот Скопје, но и Карпош се шират по сите основи. Веќе постои тенденција луѓето да "бегаат" од централното градско подрачје и да живеат во околните делови на Градот, кои треба инфраструктурно да ги зајакнеме, рече Богоев.
Амбасадорката се интересираше и за локацијата за новиот Клинички центар и ја поздрави одлуката, т.н. Медицинскиот град да се гради на локација меѓу Бардовци и Злокуќани.

Во оваа насока и градоначалникот Богоев напомена дека за граѓаните ќе се зголеми атрактивноста на овој дел од Карпош, но, и за домашните и странски инвеститори.

Реката Вардар, исто така е голема компаративна придобивка на целиот овој потег кој може да прерасне во уредена и хармонична зона за домување, рекреација и посакувано место за живеење.

## СТАРТУВА ПРОЛЕТНАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА

Општина Карпош ја започна пролетната дезинфекција, дезинсекција и дератизација, која традиционално како активност за чистота и превенција ја спроведува на пролет и на есен. Во оваа акција, во процесот на дератизација ќе бидат опфатени над 5.000 шахти кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа, и со неа ќе бидат уништувани глодари и инсекти.

Сите основни училишта и детски градинки, кои се наоѓаат на територијата на Општината, и се под нејзина надлежност, исто така ќе бидат опфатени со пролетната дезинфекција и дезинсекција. Општина Карпош, постојано се грижи како за чистотата, животната средина, така и превентивно за здравјето на своите граѓани.

## ОБЕДИНЕТИ ВО РАЗЛИЧНОСТА

Во ООУ „ Братство“ во Тафталиџе 2, организацијата „НАНСЕН дијалог Центар-Скопје“, заедно со група ученици, од училишта во Италија, Словенија и Хрватска, одржаа еден мултикултурен проект на меѓусебно запознавање на учениците и наставниците со нивните врсници и колеги од овие држави. Целта на оваа иницијатива е размена на искуства и идеи помеѓу мултикултурни и мултиетнички училишта, како и имплементирање на истите во наставниот процес за поголема образовна инклузија на основците.Оваа група, составена од 25-30 ученици, во Република Македонија, како дел од оваа иницијатива, престојува од 26-28.март, и освен посетата на мултикултурното карпошово училиште, ќе ги посети и канцелариите на „ НАНСЕН дијалог Центарот. Покрај посетата на училиштето „Братсво“, учениците од овие земји ќе посетат мултикултурни основни и средни училишта во Тетово, Гостивар, Охрид и Скопје, каде што ќе разменат меѓусебни искуства и ќе отворат можности за збратимување.

Проект е поддржан од Еразмус програмата, а во рамките на оваа меѓудржавна посета се вклучени ученици од училишта од Осијек, Вуковар и Дарувар.



## СОСТОЈБАТА СО ШУГА ВО ОУ “ВЛАДО ТАСЕВСКИ” Е СТАБИЛНА

Општина Карпош ја следи состојбата во основното училиште “Владо Тасевски”, во врска со случајот на појавува на шуга кај двајца ученици.
Станува збор за дечиња кои доаѓаат од исто семејство, брат и сестра, при што едното било заразено од шуга, а другото дете поради превентивни причини не посетува настава.

Веднаш по пријавата на овој случај, Центарот за јавно здравје по службена должност излезе на терен и направи прегледи кај учениците од двете одделенија.

По извршените медицински прегледи, констатирано е дека кај другите ученици нема појава на шуга.
Исто така, преземени се мерки на дезинфекција и дезинсекција, за целосна заштита на учениците и спречување на ширење на заразата во просториите на училиштето.
Како резултат на појавата на шуга, известени се и матичните лекари од подрачјето на населбата Козле, кои преземаа мерки за интервентни прегледи на останатите ученици.

Во овие моменти, состојбата е стабилна и нема нови случаи на појава на шуга кај други ученици.
Општина Карпош преку Одделението за детска, социјална и здравствена заштита и Одделението за образование, останува во постојана координација со раководството на училиштето, со родителите, Министерството за образование и наука и здравствените установи, со цел да овозможиме заштита на учениците во ООУ “Владо Тасевски” и нормално следење на наставниот процес.

## ДРЖАВНИ НАГРАДИ ЗА „ ИНФОРМАТИЧАРИТЕ“ ОД ОУ АВРАМ ПИСЕВСКИ

Ученикот Марко Крстевски, од 7-а одделение, при основното училиште ООУ „ Аврам Писевски“, во населбата Бардовци, го освои второто место на државниот натпревар по информатика кој се одржа на 24.03.2018 година во просториите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство (ФИНКИ).

Под менторство на професорката Ана Дионисиева, од овој натпревар, со награда за трето освоено место се здоби и основката Сара Крстевска, која е ученичка во истото карпошово училиште во 5 –а одделение. Локалната самоуправа, во континуитет вложува во спортските таленти, талентираните ученици кои се натпреваруваат на државни и меѓународни натпревари, и на тој начин ги поттикнува талектираните ученици и спортисти, професионално да се доедуцираат .

# БУГАРИТЕ РАДОСЛАВ ДИМИТРОВ И ВИКТОРИЈА РАДЕВА ПОБЕДНИЦИ НА ГОДИНЕШНИОТ ШАХОВСКИ ТУРНИР „ ОПЕН КАРПОШ 2018“



Бугаринот Радослав Димитров е победник на овогодинешниот шаховски турнир „ Опен Карпош 2018“. Со вкупно 7.5 поени, Димитров заврши пред второпласираниот Србин Синиша Дражиќ. На третата позиција се пласираше Леон Ливаич од Хрватска.

Овој традиционален шаховски турнир се одигра според швајцарски систем на натпреварување во девет кола, и на него вкупно се натпреваруваа 165 играчи, од 17 земји, од кои 62 играчи со меѓународни игри. Како што истакна и претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, кој и го врачи победничкиот пехар, Општина Карпош постојано финансиски помага на спортски настани и спортски таленти со цел да се постигне поголема афирмација на спортот како дејност во Општината, и популаризирање на истиот надвор од рамките на самата локална самоуправа. -Со овој турнир , ние, Општината Карпош ја етаблираме на светската шаховска карта, и на тој начин ја претставуваме и Република Македонија, како домаќини на овој респектабилен турнир. Наша интенција е популаризација на оваа „мудра“ древна игра и кај најмладата популација, а доказ за тоа е и учеството на голем број млади шахисти на ова првенство, потенцираше Манолев.

Викторија Радева од Бугарија, беше победничка во женската конкуренција на „Опен Карпош 2018“. На турнирот се освоија две велемајсторски норми и четири интермајсторски норми.

Наградниот фонд кој како парична награда го поделија победниците на шаховскиот турнир изнесува 10.200 евра. Овој шаховски турнир, од година в година, со врвните шаховски учесници, реномето кое го поседува, полека, но сигурно се вбројува во европските и светските шаховски натпреварувања од висок рејтинг. Претседателот на Советот на локалната самоуправа Андреј Манолев, од свое име и од името на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев им го честиташе успехот на победниците, им се заблагода на учесниците, и им посака среќа на други натпреварувачки турнири, и добредојде за идниот шаховски турнир „ Опен Карпош 2019“.